# ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

1.Општи поволности за инвестирање

Општина Чучер Сандево е исклучиво рурална општина во која примарна гранка за егзистенција е земјоделството. Природното богатство кое го поседува како и близината на граничниот премин овозможуваат развој на општината.

2. Конкурентни предности

Спортскиот аеродром Стенковец овозможува развој на спортскиот и екстремниот туризам. Местоположбата на падините на Скопска Црна Гора овозможуваат развој и на руралниот туризам. Присутна е дејноста транспорт и логистика како и мала лесна индустрија кои имаат добар потенцијал за понатамошен развој.

3. Трошоци за комуналии

4. Можности за инвестирање

Во општината постои можност за инвестирање во:

- Нови ископи на постоечкиот рудник Бањани и на каменоломот Гранит,
- Уредување на индустриската зона Стенковец,
- Потенцијална инвестиција во мини сместувачки капацитети во автентична архитектура,
- Инвестиција во установи за социјална заштита (детски градинки и сл.),
- Инвестиција во прехранбена и во дрвопреработувачка индустрија,
- Инвестиција во спортски центар околу спортскиот аеродром Стенковец,
- Инвестиција во центар за коњички спортови,
- Инвестиција во луксузно домување.